Проект: *„Зајакнување на управувањето на земјоделските задруги за подобрување на конкурентноста во земјоделскиот сектор – Конкурентни Земјоделски задруги "*

**ПОКАНА**
**за учество на повик CAC 05/2024 за подготовка и спроведување обуки наменети за земјоделските задруги**

ЗБК Креација Скопје ги поканува сите заинтересирани правни лица да учествуваат во отворениот повик за подготовка и спроведување на 3 (три) три-дневни обуки( 2 дена обука и 1 ден советување) наменети за поддршка на земјоделските задруги, корисници на грантови[1] за имплементација на иницијативи за подобрување на нивната конкурентност. Обуките имаат за цел да обезбедат подобар пазарен настап на производите со етикета за квалитет или заштитена географска одредница. Обуката ќе опфати теми за брендирање, пакување, промоција и продажба за директен пазарен настап и/или интернет продажба. Обуката со наведените теми предвидено е да се спроведе за земјоделските задруги од трите региони и областа Преспа, опфатени со проектот „Конкуренти земјоделски задруги".

Право на учество имаат сите заинтересирани правни лица кои ги исполнуваат условите наведени во тендерската документација.

Изборот на најповолни понудувачи ќе се прави според принципот „најдобра понудена вредност (квалитет) за дадена цена". Индикативен период за спроведување на услугата е ноември – декември 2024 г.

Детален опис на потребната услуга е даден во тендерската документација и Описот на надлежности кој е составен дел на оваа покана. (Прилог 1).

Тендерската документација[2] е во прилог и вклучува:

- Прилог 1. Опис на надлежности
- Прилог 2. Листа на доверливи информации (образец)
- Прилог 3. Изјава за независна понуда (образец)
- Прилог 4. Преглед на реализирани обуки (образец)
- Прилог 5. Методологија и дневен ред за обезбедување на очекуваните услуги (образец)
- Прилог 6. Финансиска понуда (образец).

**Рокот за доставување на понудите е 28.10.2024 г.**

Заинтересираните понудувачи во својата понуда, покрај пополнетите обрасци наведени погоре потребно е да достават и CV (кратка биографија) за предложените експерти за испорака на обуките.

Понудите се поднесуваат по електронски пат со назнака: „За повик бр.CAC 05/2024" на е-маил creation@t.mk

Скопје, 10.10.2024 година

Ева Костоска
ЗБК Креација

[1] Избрани се 8 земјоделски задруги на повиците за финансиска поддршка преку проектот „Конкуренти земјоделски задруги"

[2] Постапката се спроведува во рамки на проектот „Конкуренти земјоделски задруги", финансиран од ЕУ а се спроведува во партнерство со Македонската асоцијација на земјоделски задруги (МАЗЗ)

Проектот е финансиран од Европската Унија

**ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА – ИНСТРУКЦИИ ЗА ПОНУДУВАЧИТЕ**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

### 1.1. Вовед

1.1.1. Во овој документ се содржат инструкции за понудувачите за повикот за понуди бр.САС 05/2024

### 1.2. Договорен орган

1.2.1. Договорен орган е: ЗБК Креација , со седиште на адреса ул.Никола Парапунов 41 , 1000 Скопје, тел: 071/207 568 со е-маил: creation@t.mk , интернет адреса: www.kreacija.org лице за контакт е: Ева Костоска.

### 1.3. Предмет на договорот за набавка

1.3.1. Предмет на набавката е подготовка и спроведување на 3 (три) три-дневни обуки( 2 дена обука и 1 ден советување) наменети за поддршка на земјоделските задруги, корисници на грантови, кои опфаќаат теми за брендирање, пакување, промоција и продажба за директен пазарен настап и/или интернет продажба на земјоделски производ. Обуката со наведените теми предвидено е да се спроведе за земјоделските задруги од трите региони и областа Преспа, опфатени со проектот „Конкуренти земјоделски задруги“.

**Доменот на работа на избраниот понудувач опфаќа:**

- Подготовка на програма и материјали за обуката наменета за земјоделските задруги на темите брендирање, пакување, промоција и продажба на земјоделски производи
- Спроведување на три 3 (три) три-дневни обуки, согласно подготвената и одобрената програма и тоа:
  - 2 дена обука за изработка на концепт за пазарен настап и интернет продажба и
  - 1 ден советување за примена на концептите за потребите на секој земјоделска задруга, учесник на обуките )
- Подготовка на евалуација и извештај по завршување на обуките.

Избраниот понудувач треба обезбеди висок квалитет на работата и навремено да предупредува за било какви неправилности во текот на работењето.

Индикативен период за спроведување на услугата и испорака на бараниот аутпут е Ноември-Декември 2024 г.

1.3.2. Детален опис на предметот на договорот е даден во Описот на надлежности кој е составен дел на тендерската документација (Прилог 1).

1.3.3. Предметот на договорот не е **делив**. За секоја обука се предвидени по 5 обучувачки денови (2 дена за испорака на обуката, 1 ден советување и 2 дена за подготовка и известување).

1.3.4. Понудувачите треба да имаат предвид дека проектот е финансиран од ЕУ и е регистриран во Централната база на податоци на Владата на Република Северна Македонија за странска помош (ЦДАД) со што проектот е ослободен од данокот на додадена вредност (ДДВ), а успешниот понудувач треба да ја почитува процедурата за ослободување од ДДВ за што насоки ќе даде Договорниот орган.

1.3.5. Договорот за набавка се однесува на вкупната цена, без ДДВ, во која се вклучени сите други даноци, трошоци и попусти. **Вкупната цена** треба да ги вклучува сите поврзани трошоци во врска со предметот на набавката вклучително и трошоци за превоз и сместување, подготовка на материјали и сл.

1.3.6. Договорниот орган со претходна најава и договор со избраниот понудувач може да прави помали модификации на понудениот обем и содржина, во зависност од расположливите средства, потребите на проектот и поефективно остварување на целите.

### 1.4. Извор на средства, потекло на добрата и видливост

1.4.1. Средствата за реализација на договорот за набавка се обезбедени во рамки на проектот „Конкуренти земјоделски задруги “, финансиран од ЕУ. Следствено на тоа, треба да се почитуваат релевантните правила на ЕУ, вклучително да се почитуваат и инструкциите што Договорниот орган ќе ги даде, особено во врска со почитување на правилата за видливост на поддршката на ЕУ и потекло на добрата.

### 1.5. Право на учество

1.5.1. Право на учество имаат сите заинтересирани правни лица кои ги исполнуваат условите наведени во тендерската документација.

### 1.6. Критериуми за избор

1.6.1. Критериум за избор е според принципот „најдобра понудена вредност (квалитет) за дадена цена“ (т.н. best value for money-quality ratio).

### 1.7. Спречување на судир на интереси

1.7.1. Носителот на набавката не смее, при извршување на договорот за набавка, да ангажира лица кои биле вклучени во оценка на понудите поднесени во постапка за доделување на договор за набавка, во времетраење на договорот. Во тој случај договорот се смета за ништовен.

1.7.2. Носителот на набавката не смее, при извршување на договорот за набавка, да ангажира лица кои истовремено се вклучени во спроведување на други проекти, финансирани од ЕУ.

1.7.3. Избраниот понудувач треба да достави извештај за испорачаниот аутпут за извршување на договорот за набавка, во времетраење на нивниот ангажман.

### 1.8. Начин на комуникација

1.8.1. Секое барање, информација, известување и други документи во постапката се испраќаат електронски на следната е-маил адреса: creation@t.mk.

### 1.9. Информации од доверлив карактер

1.9.1. Договорниот орган ќе ги заштити информациите кои понудувачот ги има означено како доверливи, во спротивно ќе се смета дека понудата не содржи информации од доверлив карактер.

## 2. СПОСОБНОСТ НА ПОНУДУВАЧИТЕ

### 2.1. Начин на докажување на способноста

2.1.1. Со понудата понудувачот задолжително треба да достави документација со која ќе ја докаже способноста, како што е наведено во т. 4.1.2. од повикот односно понудувачот треба да биде правно лице и да достави професионална биографија на понуден/ни експерт/и со која докажува Универзитетско образование (поседување на стекнато повисоко универзитетско образование, магистерски или докторски студии, ќе се смета за предност); Генерално професионално искуство: Минимум три (3) години искуство во подготовка и спроведување на обуки и работилници; Специфично професионално искуство: Минимум две (2) спроведени обуки од област слична на наведената (предност ќе имаат понудувачите кои имаат искуство со испорака на обуки за брендирање, пакување, промоција и маркетинг на земјоделски производи. Со цел докажување на генералното и специфичното професионално искуство, понудувачот треба да достави референтна листа на испорачани обуки.

2.1.2. Бараната документација се поднесува електронски. При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при оценка на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација.

2.1.3. Никакви промени во понудата, освен исправката на аритметички грешки, не смеат да се бараат, нудат или да се допуштат од страна на комисијата за избор или од понудувачот.

## 3. ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТЕНДЕРСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

### 3.1. Измена и дополнување на тендерската документација

3.1.1. Договорниот орган го задржува правото да ја измени или да ја дополни тендерската документација, за што веднаш ќе ги извести сите поканети понудувачи.

## 4. ПОДГОТОВКА И ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

### 4.1. Содржина на понудата

4.1.1. Понудата треба да ги содржи следниве елементи:
- Документација (техничка понуда); и
- Финансиска понуда.

4.1.2. Документацијата треба да ги содржи следниве елементи:
- Копија од Тековна состојба од Централен регистар на РСМ
- Листа на доверливи информации (прилог 2);
- Изјава за независна понуда (прилог 3);
- Преглед на реализирани обуки од правното лице (прилог 4);
- Професионална биографија (CV) на експертот/те кои ќе бидат одговорни за испорака на услугите;
- Методологија и дневен ред за обезбедување на очекуваните услуги (прилог 5);
- Понудувачот може да достави други документи доколку смета дека тие ќе придонесат во градењето на сликата за неговиот профил.

4.1.3. Финансиската понуда треба да ги содржи елементите наведени во образецот за финансиска понуда даден во прилог 6.

4.1.4. Понудувачот задолжително треба да ги користи обрасците дадени во оваа тендерска документација, при што тие мора да се пополнети без никакви измени на нивната форма, во спротивно понудата ќе биде отфрлена како неприфатлива.

### 4.2. Јазик на понудата

4.2.1. Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата се доставува на македонски јазик.

### 4.3. Цена на понудата

4.3.1. Финансиската понуда понудувачот ја пополнува како што се бара во образецот. Финансиската понуда е вкупна цена за испорака на бараната услуга согласно Описот на надлежности. Вкупната цена треба да ги вклучува сите планирани активности и директно и индиректно поврзани трошоци за успешно спроведување на предметот на набавката, дефинирани во т.1.3.1.

### 4.4. Валута на понудата

4.4.1. Цената на понудата се изразува во македонски денари, испишана со бројки и букви. Македонскиот денар ќе се користи како валута за оценка на понудите. За евентуални пресметковни потреби, договорниот орган ќе ги користи средните курсеви на Народната банка на Република Северна Македонија.

4.4.2. Доколку одделна понуда содржи невообичаено ниска цена која е значително пониска од реалната пазарна цена што предизвикува сомнеж дека договорот ќе биде извршен, Договорниот орган од понудувачот бара во писмена форма и пред одбивање на понудата, детали околу понудата за кои смета дека се важни и ги проверува доказите што биле доставени за оправдување на цената на понудата. Ако понудувачот не успее да објасни на писмено, кои се причините за таквата цена во рок од

3 дена од датумот на поднесување на барањето, или пак, ако комисијата не ги прифати неговите причини, понудата ќе биде отфрлена.

**4.5. Период на важност на понудата**

4.5.1. Периодот на важност на понудата треба да изнесува 90 дена од денот на доставување на понудата. Понудите кои содржат покус период на важност од оној утврден во оваа точка од тендерската документација ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

4.5.2. Понудувачот може да ја измени, замени или да ја повлече својата понуда пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите.

**4.6. Форма и потпишување на понудата**

4.6.1. Документацијата треба да биде поднесена во електронска форма. Не постои ограничување во должината на одговорите. Истите треба да бидат јасни и прецизни. Понудата треба да е потпишана од одговорното лице, понудувачот или лице овластено од него. Доколку понудата ја потпишува лице овластено од одговорното лице, во прилог се доставува и овластување за потпишување на понудата потпишано од одговорното лице (овластено лице на понудувачот).

4.6.2. Секое пишување меѓу редовите, бришење или пишување врз претходен текст важи само ако е потпишано или парафирано од лицето кое ја потпишува понудата.

**4.7. Рокови, краен рок и место за поднесување на понудите**

**4.7.1.** Краен рок за доставување на понудите е 28.10.2024 до 14,00 часот

4.7.2. Понудите се поднесуваат по електронски пат со назнака: „За повик бр.САС 05/2024" на е-маил creation@t.mk

4.7.3. Понудата која е поднесена по истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, се отфрла како задоцнета.

**5. ОТВОРАЊЕ И ОЦЕНКА НА ПОНУДИТЕ**

**5.1. Отворање на понудите**

5.1.1. Понудите ќе се отвораат во просториите на Договорниот орган, без присуство на јавност.

5.1.2. Доставените понуди се отвораат една по една, со читање на името на понудувачот, при што се констатира дали понудите се доставени според пропишаните правила. Ниту една понуда нема да биде отфрлена на отворањето на понудите, освен задоцнетите понуди.

5.1.3. Комисијата за набавки ќе пристапи кон отворање на понудите доколку е пристигната и само една понуда.

5.1.4. Во текот на отворањето на понудите се води записник, кој е составен дел на конечниот извештај.

**5.2. Доверливост на процесот на оценка на понудите**

5.2.1. Ниту една информација во врска со разгледувањето, оценката и споредбата на понудите во процесот на оценка нема да биде откриена на понудувачи или на кои било други лица што не се службено вклучени во тој процес.

5.2.2. Право на увид на информациите имаат донаторите и од нив овластени лица.

**5.3. Појаснување на понудите**

5.3.1. Во периодот на разгледување и оценување на понудите, Договорниот орган може да побара од кој било понудувач појаснување на неговата понуда. Никаква промена на цените или на содржината на понудата нема да се бара, нуди или да се дозволува, освен за потврдување на коригирањето на аритметички грешки што ги открил Договорниот орган при проценката на понудите.

5.3.2. Комисијата може да побара од понудувачот да ја објасни цената наведена во понудата, доколку смета дека понудата содржи невообичаена ниска цена што создава сомнеж дека договорот ќе биде извршен. Комисијата ја отфрла понудата само доколку објаснувањето или доставените докази не се доволни да се оправда ниската понудена цена.

5.3.3. Комисијата ќе ги исклучи оние понуди кои немаат доставена целосна документација и после рокот кој им даден дополнително за доставување на потребната документација.

### 5.4. Исправка на аритметички грешки

5.4.1. Ако понудата е прифатлива и е составена и доставена во согласност со пропозициите и прилозите на повикот, Договорниот орган ги коригира аритметичките грешки на следниот начин:

- ако постои не совпаѓање меѓу зборовите и бројките, преовладува износот што е напишан со зборови;
- ако постои разлика помеѓу единечната цена и вкупната цена, тогаш преовладува единечната цена.

5.4.2. Комисијата за набавки ќе ги коригира грешките во понудата според опишаната постапка и таа ќе се смета обврзувачка за него.

5.4.3. Ако понудувачот не ја прифати корекцијата на аритметичките грешки, понудата ќе биде отфрлена.

## 6. ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА НАБАВКА

### 6.1. Избор на понудувачи

6.1.1. Договорниот орган ќе го избере понудувачот чија понуда нуди најдобар однос помеѓу квалитетот и цената. Вкупниот број на бодови изнесува 100 бода. Квалитетот носи максимални 70 бодови, додека цената носи максимални 30 бодови.

6.1.2. Квалитетот носи максимални 70 бодови, а се оценува според максималниот процентуален придонес на следните критериуми:

- Квалитет на предложен/и експерт/и врз база на приложена професионална биографија (CV)– максимум 30%
- Квалитет на реализирани проекти и услуги – максимум 20%
- Јасно образложена методологија за обезбедување на очекуваните услуги –максимум 20%;

Цената носи максимални 30 бодови и се оценува според формула, при што најниската понуда добива максимални 30 бодови, додека останатите добиваат колку што е процентуалната разлика од најниската понуда.

### 6.2. Известување за избор на понудувачи

6.2.1. Избраните понудувачи и сите други понудувачи ќе бидат известени за резултатите од постапката.

### 6.3. Склучување на договорот за набавка

6.3.1. Договорниот орган со избраните понудувачи ќе склучи соодветен договор за испорака на услуги.

6.3.2. Договорниот орган ќе го достави договорот за набавка до избраниот/ите понудувач/и во 3 примероци на потпишување.

6.3.3. Избраниот понудувач има обврска да го потпише договорот за набавка во рок од 5 работни дена од денот на добивање на договорот и истиот да му го врати на Договорниот орган, во спротивно Договорниот орган го задржува правото да смета дека избраниот понудувач се откажал од склучување на договорот.

## 7. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЕЛЕМЕНТИ ОД ДОГОВОРОТ ЗА НАБАВКА

### 7.1. Начин на плаќање

7.1.1. Плаќањето ќе биде извршено:

- 100% по испорака на поединечен аутпут од предметот на договорот и доставен и одобрен извештај. Исплатата ќе биде во вкупниот износ кој е договорен за тој аупут. (пример: доколку биде спроведена една (1) обука, ќе се исплати договорена вкупна цена за испорака на една (1) обука, останатите исплати ќе следуваат по испорака на следните обуки и испорачани извештаи за спроведувањето на тие обуки, итн.)

Начинот на плаќање е задолжителен. Секоја понуда која содржи начин на плаќање поинаков од оној утврден во оваа точка ќе се смета за неприфатлива и како таква ќе биде одбиена од страна на комисијата за набавки.

### 7.2. Рок на испорака

7.2.1. Индикативен датум за потпишување на договорот е 30.10.2024. Избраниот понудувач се очекува да ги испорача услугите најдоцна 60 дена од денот на склучување на договорот.

Договорниот орган го задржува правото на промена на динамиката на достава на услугата согласно проектните активности.

### 7.3. Разлики во цена (корекција на цени)

7.3.1. Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за набавка.

## 8. ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

**8.1.** Договорниот орган може да ја поништи постапката за доделување на договор за набавка ако:

- не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива или соодветна понуда;
- настанале непредвидени промени во буџетот на Договорниот орган;
- понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот;
- поради непредвидени и објективни околности се промениле потребите на Договорниот орган;
- избраните понудувачи се откажат од склучување на договорот;
- други услови за кои Договорниот орган соодветно ќе информира.

**8.2.** Договорниот орган ќе ги извести сите учесници во постапката за набавка во врска со престанокот на обврските на учесниците што произлегуваат од поднесувањето на понудите и за причините за поништување на постапката.

**ПРИЛОГ 1. ОПИС НА НАДЛЕЖНОСТИ**

## 1. ВОВЕД – ЗА ПРОЕКТОТ

**Назив на проектот:** Зајакнување на менаџментот на земјоделските задруги за подобрување на конкурентноста во земјоделскиот сектор (Конкурентни Земјоделски задруги), финансиран од ЕУ, имплементиран од Македонската асоцијација на земјоделски задруги и Здружение за Бизниси и Консултанти КРЕАЦИЈА, Скопје.

**Цел на проектот:** Општата цел е подобрување на конкурентноста на земјоделските задруги и живеењето во руралните области преку прилагодени советодавни услуги и под-грантови шеми за повисок производствен капацитет, зголемен удел на пазарот и полесен пристап до финансии.

**Специфични цели**:

1) Развој и промовирање на модел за соработка помеѓу земјоделците за воспоставување и/или зголемување на членството во земјоделските задруги од Североисточниот, Полошкиот и Југозападниот регион и Областа Преспа
2) Зголемување на производствениот капацитет и пазарното присуство на земјоделските задруги со етикети за квалитет и/или географска ознака на нивните производи ;
3) Подобрување на менаџментот на земјоделските задруги и земјоделците за полесен пристап до финансии и програми за поддршка.

**Целни групи**

- **Едно национално здружение на земјоделски задруги (МАЗЗ), 53 постоечки и потенцијални членови на здружението**, кои работат во областите на конкурентноста на земјоделскиот сектор и се залагаат за правата и интересите на земјоделските задруги во Република Северна Македонија;
- **Земјоделски задруги** од Североисточниот, Полог, Југозападниот регион и областа Преспа и нови основани во времетраењето на проектот.
- **Земјоделците** со минимум 20 отсто учество на младите и жените, во три региони кои работат со производство и продаваат земјоделски производи. Проектот ќе вклучи околу 500 земјоделци, кои ќе учествуваат во обуки и активности за под-грантови. Исто така ќе овозможи поддршка во обезбедувањето балансиран квалитет на производите, совети за подобра соработка со земјоделските задруги и знаења и вештини за производство на производи со квалитетна ознака и географско потекло;
- **Владини претставници на национално, регионално и локално ниво** кои работат во секторот на земјоделството и руралниот развој. Нивното учество и поддршка во проектот ќе ја зголеми ефективноста на нивните програми и постигнувањето на стратешките приоритети.

Со проектот се предвидени следните **резултати**:

- Развиен и промовиран модел за соработка (документација за воспоставување на Агро-COOPs, видови услуги на земјоделците, менаџмент и организација на деловни операции);
- Воспоставени минимум 1, максимум 4 Земјоделски задруги
- Обука за менаџирање со квалитетот и подобар настап на пазарот
- Избрани два земјоделски производи – процедури за развој на ознака за квалитет
- Поддржани две земјоделски задруги за развој на ознака за квалитет
- 3 Професионални видеа произведени за секој регион

Главното влијание ќе биде поттикнати, подготвени и поддржани земјоделски задруги за подобар пазарен настап и развој на задругарството преку воведување и менаџирање со квалитетот на земјоделските производи преку брендирање и воведување на заштитена географска одредница, оспособени за подобрување на квалитетот на живеење во руралните заедници. Повеќе за проектот на следниот линк: **Иднината е во задруга**

Проектот е финансиран од Европската Унија и е со времетраење од 24 месеци.

## 2. ДОМЕН НА РАБОТА

### 2.1. Предмет на набавка

Предмет на набавката е подготовка и спроведување на подготовка и спроведување на 3 (три) три-дневни обуки( 2 дена обука и 1 ден советување) наменети за поддршка на земјоделските задруги, корисници на грантови, кои опфаќаат теми за брендирање, пакување, промоција и продажба за директен пазарен настап и/или интернет продажба на земјоделски производ. Обуката со наведените теми предвидено е да се спроведе за земјоделските задруги од трите региони и областа Преспа, опфатени со проектот „Конкуренти земјоделски задруги".

Предложените теми се дефинирани согласно потребата на земјоделските задруги да го подобрат брендирањето, пакувањето и промоцијата на нивните производи за подобар пазарен настап и зголемување на продажбата и/или цените на производите преку скратување на синџирот на вредности за задоволување на потребите на крајниот потрошувач. Обуката ќе им овозможи на претставниците на земјоделските задруги да ги зајакната нивните капацитети за управување со квалитетот на производот за директен настап до крајниот потрошувач преку подобрени канали на продажба и зголемено интернет присуство и е-продажба.

Обуката ќе ги подготви земјоделските задруги за подобар настап на Б2Б средбата со купувачите ( трговци на големо, големи маркети од земјата и странство), организирана во рамки на проектот, и преставување на своите производи преку профилот на интернет порталот за интернет продажба на земјоделски производи, развиен со поддршка на проектот .

Испораката на обуките се очекува во периодот Ноември -Декември 2024.

### 2.2. Очекувани резултати/аутпути

(1) Подготвена програма и материјали за обуката наменета за земјоделските задруги на темите брендирање, пакување, промоција и продажба на земјоделски производи.

(2) Спроведени три 3 (три) три-дневни обуки, согласно подготвената и одобрената програма и тоа:
   - 2 дена обука со најмногу 15 учесници по обука за изработка на концепт за пазарен настап и интернет продажба, во координација со проектниот тим, и
   - 1 ден советување за примена на концептите за потребите на осумте земјоделски задруга, учесници на обуките )

(3) Подготовка на евалуација и извештај по завршување на обуките.

### 2.3. Содржина на извештајот за спроведена за спроведена обука

За секоја испорачана обука, избраниот понудувач треба да достави извештај за спроведена обука кој ќе ги содржи минимум следните елементи:

- Опис на спроведената обука,

- Листа на присуство,
- Фотографии,
- Оценка на обуката од страна на учесниците.

За секоја спроведена обука треба да се достави извештај до договорниот орган во електронска форма, ворд документ во обем од најмалку 1-2 страни и пропратна документација (резултати од евалуацијата). Текстот треба да биде напишан во Time New Roman со македонска поддршка, фонт 12, со единечен проред.

### 2.4. Предвидени денови за испорака на бараните аутпути

Договорниот орган има предвидено точен број на експертски денови на испорака на бараните услуги кои се составен дел од финансиската понуда која треба да ја достави.

| Опис на | Предвидени денови |
|---|---|
| Спроведување на 1 (една) тор-дневна обука со најмалку 15 учесници по обука, согласно подготвената и одобрена програма, во координација со проектниот тим. | 5 експертски ден за една (1) обука<br>што ја опфаќа обуката *(2 дена за испорака, 1 ден советување 2 дена за подготовка и известување)* |

## 3. ВРЕМЕНСКА РАМКА И ЛОГИСТИКА

Индикативен датум за потпишување на договорот е 30.10.2024. Избраниот понудувач е должен да ги испорача услугите најдоцна во индикативен период од 60 дена од денот на склучување на договорот, односно во периодот ноември- декември 2024 г. Договорниот орган го задржува правото на промена на периодот на временскиот ангажман во зависност од проектните потреби.

## 4. ЛОКАЦИЈА

Целни региони на проектот се Североисточен, Полошки и Југозападен плански регион и обалста преспа. Обуките се предвидени да се случат во дадените плански региони, во координација со проектниот тим.

## 5. СПОСОБНОСТ НА ПОНУДУВАЧОТ

Понудувачот кон понудата треба да предложи експерт/и кој/и ќе биде/ат одговорен/и за спроведување на обуките и треба да ги исполнува/ат критериумите за спроведување на предметот на повикот. Експертот/те треба да поседува::

- Образование и квалификации:
  - Универзитетско образование на обучувачот/те (поседување на стекнато повисоко универзитетско образование, магистерски или докторски студии, ќе се смета за предност).
- Генерално професионално искуство:
  - Минимум три (3) години искуство во подготовка и спроведување на обуки и работилници;
- Специфично професионално искуство:
  - Минимум две (2) спроведени обуки од област слична на наведената (предност ќе имаат понудувачите кои имаат искуство со испорака на обуки за брендирање, пакување, промоција и маркетинг на земјоделски производи

**ПРИЛОГ 2. ЛИСТА НА ДОВЕРЛИВИ ИНФОРМАЦИИ**

| Информации кои се доверливи | Бројот на страниците со тие информации | Причини за доверливост на тие информации | Временски период во кој тие информации ќе бидат доверливи |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

**ПРИЛОГ 3. ИЗЈАВА ЗА НЕЗАВИСНА ПОНУДА**

**И З Ј А В А**

Јас, долупотпишаниот ____________________________________ *[име и презиме]*, во својство на одговорно лице на понудувачот ____________________________________, под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека понудата ја поднесувам независно, без договор со други економски оператори на начин кој не е спротивен на прописите за заштита на конкуренцијата.

Под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека при доставувањето на понудата, не учествувам со други економски оператори со кои сум капитално, сопственички или роднински поврзан.

Под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека правното лице кое ја доставува понудата не е во постапка на стечај или ликвидација, ниту во финансиска, даночна или друга ситуација која би ги загрозило исполнувањето на обврските од договорот.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен за последиците од давање на невистинити наводи во изјавата, што ќе доведе до поведување на соодветна постапка против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава.

Место и датум

__________________

Одговорно лице[3]

________________________

[3] Изјавата за независна понуда не може да биде потпишана од ниту едно друго лице освен од одговорното лице

## ПРИЛОГ 4. ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗИРАНИ ОБУКИ

*(релевантни референци на понудувачот во последните три години)*

| Референца број | Профил на обуката / услугата | Опис на обуката / услугата |
|---|---|---|
| Наслов на проектот/услугата | | |
| Име на добавувачот | | |
| Локација | | |
| Вкупна вредност (МКД) | | |
| Корисник / набавувач | | |
| Контакт-податоци на набавувачот (име, тел.) | | |
| Период (почеток/крај) | | |
| Партнери / подизведувачи | | |

**Додадете онолку табели колку што имате референци*

**ПРИЛОГ 5. ОРГАНИЗАЦИЈА И МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ОЧЕКУВАНИТЕ УСЛУГИ**

*(Дадете краток преглед на пристапот кој е предложен за спроведување на договорот)*

Детална листа на активности и методологија

*Наведете ги активностите што ќе ги преземете за да се постигнат целите на договорот.*

*Наведете го Дневниот ред и методологија по Ваше наоѓање*

**ПРИЛОГ 6. ФИНАНСИСКА ПОНУДА (на меморандум)**

Врз основа на повикот бр. САС05/2024 објавен од страна на ЗБК Креација, за подготовка и спроведување обуки наменети за земјоделски задруги

**ФИНАНСИСКА ПОНУДА**

**Име на понудувачот:**

**Контакт информации**

Адреса:

Телефон:

Е-пошта:

Одговорно лице:

Контакт лице:

Даночен број:

**Основни дејности на понудувачот**:

Согласни сме да ја дадеме оваа понуда за предметот на договорот за набавка, согласно со понудените цени и со прифаќање на роковите на испорака и другите услови дефинирани во тендерската документација. Вкупната цена ги вклучува сите планирани активности и директно и индиректно поврзани трошоци (вклучувајќи и даноци на личен доход) за успешно спроведување на предметот на набавката, изразена во македонски денари, без ДДВ.

| Вид на услуга/аутпут | Предвидени експертски денови за услугата/аутпут (а) | Единечна (бруто) цена во МКД (по екс. ден) (б) | Вкупна цена (бруто) во МКД (а*б) |
|---|---|---|---|
| Подготовка и спроведување на 3 (три) три-дневни обуки(2 дена обука,1 ден советување и 2 подготовка и извештај) на тема брендирање, пакување, промоција и продажба на земјоделски производи. | 15 | | |

Место и датум:

________________________

Одговорно лице:

____________________________________

(Потпис и печат)